КУЛТУРА

Датум: 03.10.2014, 17:36

Ми се допаѓа 248

МИРЈАНА КРСТЕВА-МАСЕТИ, ЛИКОВЕН УМЕТНИК

ЕВРОПСКАТА ЛИКОВНА СЦЕНА НЕ Е НЕДОСТИЖНА

Преку поставените 40 дела создавани во последните три години, сосема е очигледно дека оваа 35-годишна авторка од Гевгелија има што да покаже и на оваа публика

Ние што доаѓаме од југот, мислам дека со себе носиме малку повеќе радост. Малку поубоено ги гледаме работите, вели Мирјана Крстева-Масети, ликовна уметница која пред неколку дена ја отвори својата прва изложба во Скопје. Сепак, ова не е нејзино прво, туку 15-то самостојно претставување. Изложбата беше отворена во Музејот на град Скопје, каде веќе две години ретко се отвораат повремени изложби, поради определбата на музејот акцентот во работата да го стави на постојаната поставка. А преку поставените 40 дела создавани во последните три години, сосема е очигледно дека оваа 35-годишна авторка од Гевгелија има што да покаже и на оваа публика.

Долго „сликала“ музика

Вели дека особено и е драго што поканата за изложбата следела по минатогодишното учество на колонија што ја организира Музејот на град Скопје.

- Оттаму почна с`. Организаторите на колонијата веројатно ги забележаа моите дела и им се допаднаа - вели Крстева-Масети.

Во нејзините дела доминираат впечатливи бои и геометриски форми кои се толку добро сродени, што понекогаш не го ни забележувате остриот агол. Тие се дел од еден ист циклус, насловен „Его“.

- Станува збор за постојана борба со моето его и ослободување од егото. Да бидам подобар човек, личност, а потоа и можеби подобар автор. Се стремам кон тоа - вели Крстева-Масети.

Вели дека с` што работи е огледало на нејзината душа. Уметниците не љубат многу да го користат зборот „инспирација“, кој најчесто звучи како клише. Сепак, тоа што се случува „внатре“ е неотуѓив дела од процесот на творење, место од каде што почнува с`, а завршува во уметничкото дело.

- Тоа се моите сопствени борби со стварноста и со светот во кој јас милувам да живеам. Мојата фантазија, безгрижното детство. Некогаш е премногу болно да се твори, зашто, сепак, креативноста е комплицирана работа. Но, ме радува, го сакам мигот кога ќе седнам и ќе направам нешто од што сум се исполнила. Затоа што денес многу ретко да доживеете некој друг да ве направи среќен, ако самите не го направите тоа - вели уметницата.

Прво завршила пијано и еден голем период од нејзиниот живот „сликала“ музика. Дипломирала на Академијата за ликовна уметност во Благоевград. Вели дека линеаризмот во нејзините дела веројатно доаѓа од тоа што е графичар и што негува медиум, кој е класичен и, едноставно, го отсликува нејзиниот дух. А секое дело содржи една мала молитва за една љубов, за која таа мечтае и се надева дека ќе се оствари.

Бидејќи како ликовен уметник се оформила на ликовната сцена во Бугарија, се обидуваме да направиме споредба меѓу тоа што се случува таму и овде.

- Како сведок на едно време кој живее на Балканот мислам дека се работи за еден ултракрик, бомбастично претставување на сите нешта што ние ги живееме на Балканот. И македонската и бугарската сцена се сериозни и силни, како интензитет, потенцијал и се многу квалитетни. Јас таму студирав и многу сум благодарна за с`, сепак, ние живееме поинаку од нив и поинаку сме оформени - вели таа.

Неодминливо е прашањето колку е тешко за еден млад автор да се пробие од балканската на светската ликовна сцена. Крстева-Масети вели дека патот и не толку тежок колку што најчесто мислиме.

- Човекот ја живее среќата додека ја создава. А кога ќе стигнеш таму каде што сакаш, веќе не ти е толку интересно. Не мислам дека патот е тежок за кој било, ако има волја. Само треба да се има малку среќа во животот. Многу често ништо друго не е важно, освен среќата. Да има малку, малку касмет, како што велиме ние од југот, и ништо повеќе. Затоа не треба да ги толкуваме многу работите. Единствено да престанеме да го репродуцираме тоа што некој го кажал или го направил, да не толкуваме, да работиме малку повеќе на себе и да се надеваме на најдоброто - вели таа.

Ако си активен, ќе те анатемисаат

По завршувањето на студиите извесно време живеела во странство, но решила да се врати во родната Гевгелија.

НАЈНОВИ ВЕСТИ


→ Определен 30-дневен притвор за лицето што постави експлозивна направа во Собрание

→ Прв пат финале во ЛШ ќе се игра на „покриен“ стадион, се стравува од дронови

→ Беса не сака компромиси, СДСМ вели дека до понеделник ќе преговара

→ Астрофизичарот Стивен Хокинг прв, тројца Хрвати на листата на 30 најинтелигентни луѓе на светот

→ Концерт на култните „Лачни Франз“ на платото пред МОБ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

facebook



НАЈКОМЕНТИРАНО НАЈЧИТАНО ПРИЈАТЕЛИ

→ Бугарите му се настрвија на Путин поради писменоста од македонската земја

→ Болни амбиции и државно раскрчмување

→ Загадување посилно од судбината

→ Фашистички калифат

→ Пентагон не знае каде е оружјето вредно милијарда долари за ирачката армија

Таму со колеги-пријатели основала „Мултимедиа Центар“ и била активна во Друштвото на ликовни уметници на Гевгелија. Дали овие активности донесоа нешто ново на локалната ликовна сцена, дали дувнаа нови ветрови?

Неколкумина млади уметници, пред с`, пријатели, решиле да направат нешто, да остават трага зад себе.Организирале школа за млади таленти, годишно правеле по неколку проекти. Последниот перформанс го реализирале пред три месеци.

- И работите што се случуваат во внатрешноста секогаш го збогатуваат милјето. Мислам дека особено ние од југот малку пообоено ги гледаме работите. Направивме нешто повеќе на гевгелиската сцена. Сепак, ќе бидам искрена и ќе кажам дека во малите средини, каде што има мал локален „социо“, ако „тие“ мислат дека се истакнувате во нешто, ќе ве анатемисаат - раскажува уметницата.

Учествувала на повеќе од 60 групни изложби и на 15 ликовни колонии во земјава и во странство. Веќе четири години членува во Друштвото на ликовните уметници на Македонија.

Лани освои посебна награда на Светска галерија на цртеж „Остен“, во рамките на Биеналето на наградени автори.

Вели дека сака обични и едноставни нешта, како вработување во Гевгелија.

Весна И. Илиевска

#

Препорачај 248 луѓе го препорачуваат ова. Биди прв од твоите пријатели.

ОСТАНАТИ ВЕСТИ

- Виртуозно и величествено со Милер-Шот и Филхармонијата
- Претежно облачно

Оставете коментар за објавената вест

Од кого:

Коментар:

*Внесете го кодот во празното поле

8728

КОМЕНТИРАЈ

АНТЕНА >>

ПУБЛИКА >>

ЗДРАВЈЕ >>

© 2006 - 2013 Дневник | Сите права задржани | Powered by Nextsense webBuilder XML